
Сиромаштија
МП
ПС
... има решение!
МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА
Секој трет во Македонија води „крпен живот”!
Конците се во наши раце, заедно може да придонесеме сите да имаат пристоен живот!

Сиромаштијата е болест на денешното време и главен извор на секојдневни проблеми. Крпениот живот кој го водат многу луѓе е показател на тоа колку само таа е присутна во нашата земја. Сиромаштијата не опкружува нас, луѓето околу, а претставува и секојдневие за голем дел од народот. Со своето негативно влијание само ја зголемува социјалната рана на општеството кој што раѓа нови проблеми.

Овој сериозен и хроничен проблем мобилизираше повеќе граѓански организации да пристапат поорганизирано во решавањето на овој проблем. Со здружување на своите сили е создадена и Македонска платформа против сиромаштија. (МППС), која е сојуз на 50 национални и граѓански организации.

**МППС** настојува да ги афирмира и промовира политиките на ЕУ, како и политиките на РМ, насочени против сиромаштијата, социјалната исклученост и дискриминацијата. Основна цел на МППС е подобрување на животниот стандард на населението и третманот на кој го имаат маргинализираните групи. Како клучни причинители на сиромаштијата МППС ги прецизира:

- Невработеност
- Недостаток на соодветно планирање, стратегии и политики за елиминирање на сиромаштијата
- Несоодветно образование
- Несоодветна социјална политика

Со подигање на свеста на ново и повисоко ниво, проблемот ќе бидат полесен и поедноставен за решавање.
Затоа што само заедно можеме да ги придонесеме за подобри услови за живот на најранливите членови на општеството!
А со тоа и да изградиме посигурна иднина за сите нас! Ние ги држиме концитe!
Да не дозволиме сиромаштијата да не опкружува!

Македонска платформа против сиромаштија. **Има решение.**

МППС ... има решение!
МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

Кампања за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост 2010

Поддржано од:
Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights (BIM-FV)
МТСП Министерство за труд и социјална политика
financed by Austrian Development Cooperation